Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 333, 15 ноември 2023 година

ноември 2023 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „МИКРОЕКОНОМИЈА ЗА БИЗНИС” ОД ПРОФ. Д-Р ДАРКО ЛАЗАРОВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **3**

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ........ **5**

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Џидров, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл.инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

**РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „МИКРОЕКОНОМИЈА ЗА БИЗНИС”
ОД ПРОФ. Д-Р ДАРКО ЛАЗАРОВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ,
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1202-95/9 од 240. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 25.9.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Душко Јошески,
- проф. д-р Круме Николоски,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Микроекономија за бизнис**” од проф. д-р Дарко Лазаров, наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот со наслов „Микроекономија за бизнис” од проф. д-р Дарко Лазаров е труд од областа на микроекономијата како подрачје на економската наука и економската теорија. Учебникот е наменет за студенти на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Трудот е базиран на теоретска дискрипција и елаборација на микроекономските концепти и нивна примена во бизнисот преку елаборација на базичните микроекономски теории, користење на математички формули и равенки, графички и табеларни прикази, како и практични примери и студии на случај.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот содржи 271 страница (со формат А4, нормален проред и фонт со големина 11) и истиот е систематизиран во една заокружена целина која третира одредени сегменти од микроекономската наука и теорија поврзани со бизнис економијата. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат нормираните критериуми согласно со предвидениот фонд на часови во рамките на еден дел од предметот Основи на економија и предметот Микроекономија.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Во Република Северна Македонија досега се објавени неколку книги и учебници кои ги поставија темелите во изучувањето на економската наука во високообразовните институции во земјава. Овој труд ќе биде значителен придонес во насока на проширување на можностите на студентите во проучување на теоретските аспекти на микроекономската наука преку нејзина практична примена во конкретни економски и бизнис ситуации, како што се донесување на одлуки за промена на цените со цел зголемување на приходите, одлуки за утврдување на оптималното ниво на производство, одлуки во насока на минимизирање на трошоците, одлуки поврзани со пазарно позиционирање во контекст на одделни пазарни услови, одлуки за утврдување на оптимален обем на производство во различни пазарни структури, одлуки за решавање на пазарни неуспеси и прашања поврзани со одредена бизнис регулатива и сл.

**Краток опис на содржината:** Ракописот се состои од пет посебни делови. Првиот дел дава опис на содржината на бизнис економијата преку елаборација на основните економски принципи и процесот на донесување на економски и бизнис одлуки. Вториот дел го третира прашањето за пазарниот систем преку детална разработка на пазарните механизми на понуда и побарувачка, како и моделот на ценовна и доходовна еластичност на побарувачката и понудата. Третиот дел се однесува на теоријата на фирми како интегрален дел на микроекономската наука со посебен фокус на теоријата на производство и анализа на трошоците. Четвртиот дел ги разработува одделните пазарни структури (совршена конкуренција, монополистичка конкуренција, олигопол и монопол) и начинот на кој фирмите ги донесуваат одлуките за максимизација на профитот во различни пазарни структури. Петтиот дел се однесува на државата и бизнисот, односно на бизнис регулацијата и одделните пазарни неуспеси (јавни добра, екстерналии, асиметрични информации, монополистички пазарни структури).

Во рамки на секој дел од учебникот има делови за повторување со практични прашања и студии на случај за студентите со цел разбирање на теоретските аспекти и примената на истите во конкретни практични случаи. На крај, даден е преглед на користена литература со опис на сите референци и извори на користена литература.

## ЗАКЛУЧОК

Учебникот со наслов „Микроекономија за бизнис" од проф. д-р Дарко Лазаров претставува заокружена целина на материјата поврзана со основните принципи на микроекономија како фундаментална дисциплина на економската наука и нејзината практична примена во бизнисот.

Изучување на базичните принципи на микроекономијата и нејзината методолошка рамка нуди можност студентите да се стекнат со основни теориски сознанија корисни за разбирање на начинот на кој функционираат пазарите, начинот на кој фирмите ги донесуваат бизнис одлуките во различни околности и пазарни услови, начинот на кој е поставена бизнис регулативата т.е. начинот на кој е дефиниран односот помеѓу државата и бизнисот и улогата на државата во одредени пазарни домени.

Овој учебник овозможува запознавање на студентите со основните микроекономски теории, концепти и принципи, како и начинот на кој тие теории и концепти можат да се користат и практицираат во реални економски и бизнис услови. Таквото знаење за студентите ќе биде исклучително корисно и во изучувањето на останатите области од економската наука.

Врз основа на погоре искажаното, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Штип **да го одобри за издавање** учебникот со наслов „**Микроекономија за бизнис**" од проф. д-р Дарко Лазаров.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Проф. д-р Душко Јошески, с.р.
Проф. д-р Круме Николоски, с.р.

# П Р Е Г Л Е Д
# НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА

**Билтен 15.11.2023 година**

| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ | 1. Сексуална злоупотреба на деца | 1102-120/24 од 31.10.2023 год. | Вон. проф. д-р Елена Максимова | Алмира Јахјаова |
| ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ | 2. Кредибилитет на заштитен сведок во кривична постапка | 1102-120/25 од 31.10.2023 год. | Проф. д-р Олга Кошевалиска | Кристина Недкова |
| ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ | 3. Коруптивни поведенија при спроведување на постапки за јавни набавки во Република Северна Македонија | 1102-120/26 од 31.10.2023 год. | Проф. д-р Олга Кошевалиска | Симона Басталиќ-Лазароски |
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 4. Улогата на сестрата при нега на болни со краниоцеребрални повреди | 2002-270/27 од 31.10.2023 год. | Проф. д-р Гордана Камчева-Михаилова | Билјана Милевска |
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 5. Хируршки третман и предвидување на ризик од патолошки фрактури со Mirel's скор поради метастази на апендикуларниот скелет | 2002-270/28 од 31.10.2023 год. | Проф. д-р Гордана Камчева-Михаилова | Моника Стефановска |
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 6. Препознавање и тип на градна болка во прединфарктна состојба од страна на медицинската сестра | 2002-270/29 од 31.10.2023 год. | Проф. д-р Гордана Камчева-Михаилова | Моника Трпевска |
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 7. Неврорехабилитација кај новороденчиња со постпартална пареза на плексус брахијалис | 2002-270/30 од 31.10.2023 год. | Проф. д-р Ленче Николовска | Арбен Худи |
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 8. Неврорехабилитација кај пациенти со церебрална парализа | 2002-270/31 од 31.10.2023 год. | Проф. д-р Ленче Николовска | Бесарт Исмани |
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 9. Неврорехабилитација кај пациенти со пареза на периферен фацијален нерв | 2002-270/32 од 31.10.2023 год. | Проф. д-р Ленче Николовска | Фадил Рустеми |
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 10. Улогата на традиционалната кинеска медицина во превенција и лекување на кардиоваскуларни заболувања | 2002-270/33 од 31.10.2023 год. | Проф. д-р Ленче Николовска | Мевлудин Коца |
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 11. Неврорехабилитација на пациенти со цереброваскуларен инсулт | 2002-270/34 од 31.10.2023 год. | Проф. д-р Ленче Николовска | Абдулраим Тачи |

| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 12. Функционални можности кај пациенти со дијабетична невропатија | 2002-270/35 од 31.10.2023 год. | Проф. д-р Данче Василева | Теодора Лазова |
| | 13. Развој и перспективи на патронажната служба во Општина Свети Николе | 2002-270/37 од 31.10.2023 год. | Проф. д-р Гордана Панова | Милена Стојанова |
| | 14. Уметности на доењето – почит на капацитетот на женското тело и неограничените длабочини на мајчиното срце | 2002-270/38 од 31.10.2023 год. | Проф. д-р Гордана Панова | Стефанија Јордановски |
| | 15. Улогата на медицинската сестра во негата, лекувањето и едукацијата на луѓето кои страдаат од Алцхајмерова болест | 2002-270/39 од 31.10.2023 год. | Проф. д-р Гордана Панова | Јулијана Вуловска Костова |